РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANADALIM TE KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-779/3
26-02-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 7 в.в член 73 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46 та седница одржана на ден 12.02.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

Се констатира прекршување на член 73 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ------, поранешен директорот на ООУ -------------- Центар Жупа.

Да се поведе прекршочна постапка против лицето ------------, согласно член 107 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси в.в член 73 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## Образложение

Предметот со број 09-5504/1 од 03.12.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против -----------, поранешен директор на ООУ ----------------- Центар Жупа.

Пријавителот во пријавата наведува дека --------- како директорот на ООУ ------------- склучил договор за вработување на неопределено време со лицето -------------, иако му бил внук од брат.

Покрај тоа, неговиот брат -------------- го назначил за помошник директор на училиштето.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до ООУ ---------------, Центар Жупа и достави Барање за доставување на податоци и информации во однос на тоа дали лицата ------------ и ----------- се вработени во ООУ -----------, а доколку се побара да се достави целокупната документација од спроведената постапка за вработување, од кога се вработени и на кое работно место ги извршуваат своите работни задачи.

Во законски утврдениот рок ООУ ---------- ги достави бараните информации и ја извести Државната комисија дека лицето ---------- и ---------- се вработени во ООУ -----------, и тоа -------- како наставник по географија бил вработен од 2012 година на определено време, но на истиот работниот однос му бил трансформиран на неопределено време на 29.08.2019 година.

Двете лица на кои се однесува пријавата се блиски лица на директорот, односно ---------- му е внук од брат, додека ------------ му е брат.

За првиот случај, од приложената документација се утврди дека директорот на училиштето ги обезбедил потребните согласности во однос на потребните финансиски средства, како и согласност за вработување на неопределено работно време врз основа на трајна потреба на училиштето за работникот, па врз основа на тоа работниот однос на ------------ му се трансформирал од определено на неопределено време.

Меѓутоа и покрај обезбедените согласности, **директорот на училиштето го склучил договорот на неопределено време со лицето на ден 29.08.2019 година**, иако тој му е внук од брат, без притоа да го пријави приватниот интерес и да се изземе од потпишувањето на договорот, при што со тоа сторил повреда на член 73 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Врз основа на член 114 став 3 од од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на именуваното лице да му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 73 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Во вториот случај при постапката за назначување за помошник директор на училиштето, не е утврдено прекршување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Тогашниот директор на училиштето ----- го овластил претседателот на училишниот одбор ---------- да го потпише договорот за унапредување на ------------, негов брат.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: м-р Ш.С. – член на ДКСК